ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# П Р А В И Л Н И К
## за внатрешна организација на Државен завод за ревизија

Скопје, декември 2022 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19 и 14/20) и член 9 став 1 точка 11 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), Главниот државен ревизор на ден __________. .2022 година, донесе

П Р А В И Л Н И К

за внатрешна организација на Државниот завод за ревизија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се уредуваат внатрешната организација, видот и бројот на организациски единици и нивниот делокруг на работа, начинот на раководење и работа на Државниот завод за ревизија (во понатамошниот текст: ДЗР).

Графичкиот приказ на внатрешната организција на институцијата(органограм) е даден во прилог и е составен дел од овој правилник,

### Член 2

Со внатрешната организација на ДЗР утврдена со овој Правилник се обезбедува: законито, стручно, ефикасно и рационално вршење на работите и задачите, независност и одговорност при вршењето на задачите.

### Член 3

Внатрешната организација на ДЗР се утврдува во зависност од надлежноста утврдена со закон, други прописи и акти, а работите и задачите како и видот и бројот на организационите единици, се утврдуваат и групираат според сродноста, меѓусебната поврзаност и во зависност од видот и обемот на работите и задачите и степенот на сложеноста на истите.

### Член 4

Работите и задачите од надлежност на ДЗР се вршат преку: четиринаесет (14) сектори и триесет и три (33) одделенија, од кои две (2) одделенија се надвор од сектор.

### Член 5

Во Државниот завод за ревизија хиерархиската поставеност се утврдува на следните нивоа:

- Главен државен ревизор;
- Заменик на главниот државен ревизор;
- Генерален секретар;
- Советници на главниот државен ревизор (државни советници);
- сектори и
- одделенија.

### Член 6

Графичкиот приказ за внатрешната организација на Државниот завод за ревизија (органограм) е составен дел на овој Правилник.

## II. ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ

### Член 7

Заради ефикасно вршење на работите и задачите од делокругот на ДЗР, согласно со видот, обемот и степенот на нивната сложеност, како и нивната меѓусебна поврзаност и сродност, се образуваат следниве организациски единици:

1. Сектор за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот Република Северна Македонија, одбраната, јавната безбедност и Народната банка на Република Северна Македонија со две одделенија:
   - Одделение за ревизија на субјектите од одбраната, јавната безбедност и Народната банка на Република Северна Македонија;
   - Одделение за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот Република Северна Македонија и правобранителството.

2. Сектор за ревизија на политичките партии, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и следење на изборниот процес, со две одделенија:
   - Одделение за ревизија на политичките партии;
   - Одделение за следење на изборниот процес и ревизија на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Сектор за ревизија на единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија, и трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправасо две одделенија:
   - Одделение за ревизија на единиците на локалната самоуправа;
   - Одделение за ревизија на јавните претпријатија, и трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа.

4. Сектор за ревизија на јавните претпријатија и трговските друштва основани од централната власт со две одделенија:
   - Одделение за ревизија на јавните претпријатија основани од централната власт и
   - Одделение за ревизија на трговските друштва основани од централната власт.

5. Сектор за ревизија на субјекти од областа на трудот, социјалата, работните односи, пензиското и инвалидското осигурување, образованието и културата со две одделенија:
   - Одделение за ревизија на субјекти од областа на трудот, социјалата, работните односи, пензиското и инвалидското осигурување;
   - Одделение за ревизија на субјекти од областа на образованието и културата.

6. Сектор за ревизија на субјекти од областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството со две одделенија:
   - Одделение за ревизија на субјекти од областа на здравството;
   - Одделение за ревизија на субјекти од областа животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството.

7. Сектор за ревизија на субјекти од областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи, државното правобранителство, економијата, сообраќајот и комуникациите, со две одделенија:
   - Одделение за ревизија на субјекти од областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи и државното правобранителство;

- Одделение за ревизија на субјекти од областа на економијата, сообраќајот и комуникациите.

8. **Сектор за унапредување на ревизијата и имплементација на меѓународните стандарди за ревизија, со две одделенија:**

   - Одделение за унапредување на ревизијата и за систематизирање на резултатите од ревизијата;
   - Одделение за методологија и имплементација на меѓународните стандарди за ревизија.

9. **Сектор за ревизија на информациски системи, со три одделенија:**

   - Одделение за ревизија на информациски системи на субјекти од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на Република Северна Македонија , одбраната, јавната безбедност, Народната банка на Република Северна Македонија, политичките партии, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и следење на изборниот процес, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија и трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија и трговските друштва основани од централната власт;
   - Одделение за ревизија на информациски системи на субјекти од областа на трудот, социјалата, работните односи, пензиското и инвалидското осигурување, образованието и културата, областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјделеството, шумарството и водостопанството, областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи, државното правобранителство, економијата, сообраќајот и комуникациите;
   - Одделение за анализа на податоци и истражување, развој и примена на иновативни ИТ решенија во ревизиите – Иновациска лабораторија на ДЗР.

10. **Сектор за ревизија на корисници на средства од Европската унија и на корисници на средства од други меѓународни институции, со две одделенија:**

    - Одделение за ревизија на корисници на средства од Европската унија;
    - Одделение за ревизија на корисници на средства од други меѓународни институции.

11. Сектор за ревизија на системи и политики за откривање и спречување неправилности, поткуп (мито) измама, корупција и судир на интереси и за следење и имплементација на меѓународните стандарди и политики од таа област, со две одделнија:

- Одделение за ревизија на системите за спречување на измама, корупција, мито и судир на интереси;
- Одделение за ревизија на политиките на интегритет и етика и следење на меѓународните политики, стандарди и иницијативи за откривање и спречување на измама, мито, корупција и судир на интереси.

12. Сектор за поддршка на Главниот државен ревизор, со четири одделенија:

- Одделение за односи со јавност и информирање за резултатите на државната ревизија;
- Одделението за методологија, меѓународна пракса и стандарди;
- Одделение за меѓународна соработка;
- Одделение за Европски интеграции.

13. Сектор за финансиски прашања со две одделенија:

- Одделение за буџетска контрола и плаќање и
- Одделение за буџетска координација и сметководство.

14. Сектор за правни и општи работи и јавни набавки со две одделенија:

- Одделение за правни и општи работи и
- Одделение за јавни набавки.

15. Одделение за внатрешна ревизија

16. Одделение за управување со човечки ресурси.

## III. ДЕЛОКРУГ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ

1. **Сектор за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на** Република Северна Македонија , **одбраната, јавната безбедност и Народната банка на** Република Северна Македонија.

### Член 8

Секторот за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на Република Северна Македонија, одбраната, јавната безбедност и Народната банка на Република Северна Македонија ги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следниве функции на ДЗР:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешност на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на Република Северна Македонија, одбраната, јавната безбедност и Народната банка на Република Северна Македонија;
- подготвување на ревизорски извештаи за извршената ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на Република Северна Македонија одбраната, јавната безбедност и Народната банка на Република Северна Македонија ;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на Република Северна Македонија одбраната, јавната безбедност и Народната банка на Република Северна Македонија ;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршена ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на Република Северна Македонија одбраната, јавната безбедност и Народната банка на Република Северна Македонија ;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на секторот.

Член 9

Одделението за ревизија на одбраната, јавната безбедност и Народната банка на Република Северна Македонија, ги врши следните работи и задачи:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешностна субјектите од областа на одбраната, јавната безбедност и Народната банка на Република Северна Македонија;
- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на субјектите од областа на одбраната, јавната безбедност и Народната банка на Република Северна Македонија;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на субјектите од областа на одбраната, јавната безбедност и Народната банка на Република Северна Македонија;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршена ревизија на субјектите од областа на одбраната, јавната безбедност и Народната банка на Република Северна Македонија;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на одделението.

Член 10

Одделението за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на Република Северна Македонија и правобранителството, ги врши следните работи и задачи:

- извршување ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешност на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот Република Северна Македонија и правобранителството;
- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на Република Северна Македонија и правобранителството;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за извршена ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот Република Северна Македонија и правобранителството;

- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на Република Северна Македонија и правобранителството;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на одделението.

## 2. Сектор за ревизија на политичките партии, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и следење на изборниот процес

### Член 11

Секторот за ревизија на политичките партии, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и следење на изборниот процес, ги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следниве функции на ДЗР:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност на политичките партии, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и следење на изборниот процес;
- подготвување на ревизорски извештаи за извршената ревизија на политичките партии, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и следење на изборниот процес;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на политичките партии, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и следење на изборниот процес;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршена ревизија на политичките партии, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и следење на изборниот процес;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и

- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на секторот.

Член 12

Одделението за ревизија на политичките партии ги врши следните работи и задачи:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност на редовните сметки на политичките партии и сметките за изборна кампања;
- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на политичките партии;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на политичките партии;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршена ревизија на политичките партии;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на одделението.

Член 13

Одделението за следење на изборниот процес и ревизија на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги врши следните работи и задачи:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешност на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и следење на изборниот процес;
- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и следење на изборниот процес;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и следење на изборниот процес;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршена ревизија на Државната комисија за спречување на корупцијата,

Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и следење на изборниот процес;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на одделението.

### 3. Сектор за ревизија на единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатијаи трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа

Член 14

Секторот за ревизија на единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија и трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа, ги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следниве функции на ДЗР:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешност на единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатијаи трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа;
- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатијаи трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија и трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршена ревизија на единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија и трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на секторот.

### Член 15

Одделението за ревизија на единиците на локалната самоуправа ги врши следните работи и задачи:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешност на единиците на локалната самоуправа;
- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на единиците на локалната самоуправа;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на единиците на локалната самоуправа;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршена ревизија на единиците на локалната самоуправа;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на одделението.

### Член 16

Одделението за ревизија на јавните претпријатија и трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа, ги врши следните работи и задачи:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешност на јавните претпријатијаи трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа;
- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на јавните претпријатија и трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на јавните претпријатија и трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа;
- подготовување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршена ревизија на јавните претпријатија и трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на одделението.

4. Сектор за ревизија на јавните претпријатија и трговските друштва основани од централната власт

Член 17

Секторот за ревизија на јавните претпријатија и трговските друштва основани од централната власт, ги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следниве функции на ДЗР:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешност на јавните претпријатија и трговските друштва основани од централната власт;
- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на јавните претпријатија и трговските друштва основани од централната власт;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на јавните претпријатија и трговските друштва основани од централната власт;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршена ревизија на јавните претпријатија и трговските друштва основани од централната власт;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на секторот.

Член 18

Одделението за ревизија на јавните претпријатија основани од централната власт, ги врши следните работи и задачи:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешност на јавните претпријатија основани од централната власт;
- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на јавните претпријатија основани од централната власт;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на јавните претпријатија основани од централната власт;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршена ревизија на јавните претпријатија основани од централната власт;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;

- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на одделението.

### Член 19

Одделението за ревизија на трговските друштва основани од централната власт, ги врши следните работи и задачи:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешностна трговските друштва основани од централната власт;
- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на трговските друштва основани од централната власт;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на трговските друштва основани од централната власт;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршени ревизии на трговските друштва основани од централната власт;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на одделението.

## 5. Сектор за ревизија на субјекти од областа на трудот, социјалата, работните односи, пензиското и инвалидското осигурување,образованието и културата

### Член 20

Секторот за ревизија на субјекти од областа на трудот, социјалата, работните односи, пензиското и инвалидското осигурување, образованието и културата, ги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следниве функции на ДЗР:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешностна субјектиод областа на трудот, социјалата, работните односи, пензиското и инвалидското осигурување, образованието и културата;
- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на субјектите од областа на трудот, социјалата, работните односи, пензиското и инвалидското осигурување, образованието и културата;
- учествува во подготвувањето на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на субјекти од делокругот на секторот/одделението;

- учествува во изготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР од делокругот на секторот/одделението;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на секторот/одделението.

### Член 21

Одделението за ревизија на субјекти од областа на трудот, социјалата, работните односи, пензиското и инвалидското осигурување, ги врши следните работи и задачи:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешност на субјекти од областа на трудот, социјалата, работните односи, пензиското и инвалидското осигурување;
- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на субјекти од областа на трудот, социјалата, работните односи, пензиското и инвалидското осигурување;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на на субјекти од областа на трудот, социјалата, работните односи, пензиското и инвалидското осигурување;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршена ревизија на субјекти од областа на трудот, социјалата, работните односи, пензиското и инвалидското осигурување;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на одделението.

### Член 22

Одделението за ревизија на субјекти од областа на образованието и културата, ги врши следните работи и задачи:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешност на субјекти од областа на образованието и културата;
- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на субјекти од областа на образованието и културата;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на субјекти од областа на образованието и културата;

- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршени ревизии на субјекти од областа на образованието и културата;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на одделението.

## 6. Сектор за ревизија на субјекти од областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството

### Член 23

Секторот за ревизија на субјекти од областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството ги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следниве функции на ДЗР:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешностна субјекти од областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството;
- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на субјекти од областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на субјекти од областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршени ревизии на субјекти од областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на секторот.

### Член 24

Одделението за ревизија на субјекти од областа на здравството, ги врши следните работи и задачи:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешностна субјекти од областа на здравството;
- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на субјекти од областа на здравството;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на субјекти од областа на здравството;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршени ревизии на субјекти од областа на здравството;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на одделението.

### Член 25

Одделението за ревизија на субјекти од областа на животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството, ги врши следните работи и задачи:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешностна субјекти од областа на животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството;
- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на субјекти од областа на животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на субјекти од областа на животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршени ревизии на субјекти од областа на животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и

- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на одделението.

**7. Сектор за ревизија на субјекти од областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи, државното правобранителство, економијата, сообраќајот и комуникациите**

Член 26

Секторот за ревизија на субјекти од областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи, државното правобранителство, економијата, сообраќајот и комуникациите, ги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следниве функции на ДЗР:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешност на субјекти од областа правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи, државното правобранителство, економијата, сообраќајот и комуникациите;
- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на субјекти од областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи, државното правобранителство, економијата, сообраќајот и комуникациите;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на субјекти од областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи, државното правобранителство, економијата, сообраќајот и комуникациите;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршени ревизии на субјекти од областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи, државното правобранителство, економијата, сообраќајот и комуникациите;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на секторот.

Член 27

Одделението за ревизија на субјекти од областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи и државното правобранителство, ги врши следните работи и задачи:

- извршување ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешностна субјекти од областа на

правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи и државното правобранителство;

- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на субјекти од областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи и државното правобранителство;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на субјекти од областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи и државното правобранителство;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршени ревизии на субјекти од областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи и државното правобранителство;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на одделението.

Член 28

Одделението за ревизија на субјекти од областа на економијата, сообраќајот и комуникациите, ги врши следниве работи и задачи:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешностна субјекти од областа на економијата, сообраќајот и комуникациите;
- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на субјекти од областа на економијата, сообраќајот и комуникациите;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на субјекти од областа на економијата, сообраќајот и комуникациите;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршени ревизии на субјекти од областа на економијата, сообраќајот и комуникациите;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на одделението.

8. Сектор за унапредување на ревизијата и имплементација на меѓународните стандарди

Член 29

Секторот за унапредување на ревизијата и имплементација на меѓународните стандардиги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следниве функции на ДЗР:

- подготвување и извршување на Годишната програма од делокругот на секторот;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР од делокруг на секторот;
- координација и подготвување на Годишната програма за работа и следење на нејзината реализација;
- подготвување на методолошки акти за ревизијата и следење на нивната примена;
- подготвување на акти за примена на нови или променети ISSAI и нивна имплементација во методолошките акти на ДЗР;
- подготвување, ажурирање и следење на имплементацијата на стратешките документи на ДЗР;
- подготовување на насоки и упатства за примена на законските прописи, прирачниците и упатствата за работите од обласа на ревизијата;
- анализа на наодите за системски слабости врз основа на кои се предлагаат мерки и активности за нивно надминување;
- обработување, систематизирање и евидентирање на елементите содржани во ревизорските извештаи за констатирани наоди, дадени препораки, ревизорски мислења, превземени мерки по препораките и примени забелешки по нацрт ревизорски извештаи;
- анализирање на остварен обем на планирани ревизии со Годишна програма за работа на ДЗР и степенот на нејзината реализација и анализа на опфатот на реализираните ревизии во однос на вкупната јавна потрошувачка;
- анализирање на извештаите за осигурување на квалитет и
- соработување и следење на праксата и искуствата на други Врховни ревизорски институции.

Член 30

Одделението за унапредување на ревизијата и систематизирање на резултатите на ревизијата ги врши следните работи и задачи:

- подготвување на критериуми за планирање и програмирање на ревизиите и класифицирање на субјектите предмет на ревизијата;

- организирање на подготвување и ажурирање на прирачници и упатства за вршење ревизија и подготвување на предлози за примена нови методи и техники за ревизија;
- подготвување на акти за стратешко планирање и утврдување методолошки пристап за обемот на државната ревизија (обем на јавни приходи и јавни расходи);
- обработување, систематизирање и евидентирање на елементите содржани во ревизорските извештаи за констатирани наоди, дадени препораки, ревизорски мислења, превземени мерки по препораките и примени забелешки по нацрт ревизорски извештаи;
- анализирање на остварениот обем на планирани ревизии со Годишната програма на ДЗР и степенот на реализација;
- следење на доставените ревизорски извештаи и анализа на повратните информации од субјектите и надлежните органи за превземените мерки по дадените препораки во ревизорските извештаи;
- евидентирање на доставени барања за ревизија и анализа на нивниот ефект врз Годишната програма на ДЗР и анализирање на наодите за системски слабости врз основа на кои се предлагаат мерки и активности за нивно надминување;
- подготвување на стручни материјали за реализација на обуки на ревизорите и
- подготвување на програма за полагање на испитот за овластен државен ревизор.

Член 31

Одделението за методологија и имплементација на меѓународните стандарди за ревизија, ги врши следните работи и задачи:

- воспоставување на методологија за имплементација на меѓународните стандарди за ревизија;
- следење на меѓународната пракса за имплементација на меѓународните стандарди за ревизија;
- обработување на документи кои произлегуваат од билатерална и мултилатерална соработка со ВРИ од други држави, ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ и други меѓународни организации;
- анализа на документи и подготовка на предлози за нивно усвојување, во рамки на активности со меѓународни организации и асоцијации,
- усогласување на стручна терминологија;
- следење на легислативата на ЕУ од областа на државната ревизија и нејзина имплементација во работењето на ДЗР;
- преведување на меѓународни стандарди и друга стручна литература;
- подготвување на анализи и информации за примена на меѓународните стандарди и
- подготвување на анализи за Годишен извештај на ДЗР и подготовка на други информации.

## 9. Сектор за ревизија на информациски системи

### Член 32

Секторот за ревизија на информациски системи ги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следниве функции на ДЗР:

- извршување на ревизија на информациските системи, обработка на електронските податоци и други видови податоци кај субјектите предмет на ревизијата;
- подготовување на ревизорски извештаи за ревизија на информациските системи;
- координирање и обезбедување поддршка на ревизијата во делот на инфроматичката технологија и ревизијата на информациски системи, согласно Годишната програма на ДЗР;
- подготвување и извршување на Годишната програма од делокругот на секторот;
- подготвување на Годишниот извештај за работа на ДЗР од делокругот на секторот;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата и ревизијата на информаициски системи;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија на информациски системи и употреба на инфроматичката технологија и
- следење на начинот на остварување на делокругот на секторот.

### Член 33

Одделението за ревизија на информациски системи на субјекти од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на Република Северна Македонија, одбраната, јавната безбедност, Народната банка на Република Северна Македонија, политичките партии, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и следење на изборниот процес, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија и трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија и трговските друштва основани од централната власт, ги врши следните работи и задачи:

- извршување на ревизија на информациските системи, обработка на електронските податоци и други видови податоци кај субјектите предмет на ревизијата;
- подготовување на ревизорски извештаи за ревизија на информациските системи од делокругот на одделението;

- координирање и обезбедување поддршка на ревизијата во делот на инфроматичката технологија и ревизијата на информациски системи, согласно Годишната програма на ДЗР;
- подготвување и извршување на Годишната програма од делокругот на одделението;
- подготвување на Годишниот извештај за работа на ДЗР од делокругот на одделението;
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата и ревизијата на информаициски системи;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија на информациски системи и употреба на инфроматичката технологија и
- следење на начинот на остварување на делокругот на одделението.

Член 34

Одделението за ревизија на информациски системи на субјекти од областа на трудот, социјалата, работните односи, пензиското и инвалидското осигурување, образованието и културата, областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјдолеството, шумарството и водостопанството, областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи, државното правобранителство, економијата, сообраќајот и комуникациите, ги врши следните работи и задачи:

- извршување на ревизија на информациските системи, обработка на електронските податоци и други видови податоци кај субјектите предмет на ревизијата;
- подготовување на ревизорски извештаи за ревизија на информациските системи од делокругот на одделението;
- координирање и обезбедување поддршка на ревизијата во делот на инфроматичката технологија и ревизијата на информациски системи, согласно Годишната програма на ДЗР,
- подготвување и извршување на Годишната програма од делокругот на одделението,
- подготвување на Годишниот извештај за работа на ДЗР од делокругот на одделението,
- следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата и ревизијата на информаициски системи,
- подготвување на известувања до надлежни органи,
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија на информациски системи и употреба на инфроматичката технологија и

- следење на начинот на остварување на  делокругот на одделението.

Член 35

Одделението за анализа на податоци и истражување, развој  и примена на иновативни ИТ решенија во ревизиите  – Иновациска лабораторија на ДЗР, ги врши следните задачи:

- Истражување, развој и примена на иновативни ИТ решенија во ревизиите;
- Програмирање, имплементација и мониторинг на спроведување на проекти за тестирање, имплементација на ИТ решенија во ревизиите;
- Обработка и анализа на податоци добиени од субјектите предмет на ревизија;
- Примена на компјутерски потпомогнати ревизорски техники за анализа на податоци во ревизијата;
- Подготвување и извршување на годишната програма на ДЗР од делокругот на одделението;
- Подготовка на Годишниот извештај за работата на ДЗР од делокругот на одделението;
- Следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата, и ревизијата на информациските системи;
- Следење и примена на меѓународна пракса, иновативни решениеја, софтверски апликации, и иницијативи за имплементација на електронски решенија во управувањето со ревизорските процеси;
- Следење, проучување и подготвување на анализи  на состојбите во сите сегменти  кои се неопходни за ревизија и ревизија на информациски системи;
- Следење на начинот на остварување на  делокругот на одделението.

10. **Сектор за ревизија на субјектите кои користат средства од ЕУ и други меѓународни фондови**

Член 36

Секторот за ревизија на субјектите кои користат средства од ЕУ и други меѓународни фондови, ги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следниве функции на ДЗР:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешностна средствата од ЕУ и други меѓународни фондови;
- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на средствата од ЕУ и други меѓународни фондови;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на средствата од ЕУ и други меѓународни фондови;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршени ревизии на користењето на средствата од ЕУ и други меѓународни фондови;
- следење и примена на директивите на ЕУ, законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на секторот.

Член 37

Одделението за ревизија на субјекти кои користеле средствата од ЕУ фондови, ги врши следните работи и задачи:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешностна користењето на средствата од ЕУ фондовите;
- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на средствата од ЕУ фоднови;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на средствата од ЕУ фоднови;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршени ревизии на користење на средства од ЕУ фондови;
- следење и примена на директивите на ЕУ , законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на одделението.

Член 38

Одделението за ревизија на субјекти кои користеле средства од други меѓународни фондови, ги врши следниве работи и задачи:

- извршување на ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и ревизија на успешностна користење на средства од други меѓународни фондови;

- подготвување на ревизорски извештаи за ревизија на средства од други меѓународни фоднвои;
- подготвување и извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за ревизија на средствата од други меѓународни фондови;
- подготвување на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршени ревизии на користени средства од други меѓунаордни фондови;
- следење и примена на директивите на ЕУ, законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвување на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни за вршење на ревизија и
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на одделението.

## 11. Сектор за ревизија на системи и политики за откривање и спречување неправилности, поткуп (мито) измама, корупција и судир на интереси и за следење и имплементација на меѓународните стандарди и политики

Член 39

Секторот за ревизија на системи и политики за откривање и спречување неправилности, поткуп (мито) измама, корупција и судир на интереси и за следење и имплементација на меѓународните стандарди и политики, ги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следниве функции на ДЗР:

- Извршување на ревизија на финансиски извештаи , ревизија на усогласеност и други видови ревизии на системите за спречување измами, корупција, мито и судир на интереси и ревизија на политиките на интегритет и етика и следење на меѓународните политики, стандарди и иницијативи за откривање и спречување на измама, мито, корупција и судир на интереси;
- Подготвување на ревизорски извештаи за системите за спречување измами, мито, корупција и судир на интереси и за политиките на интегритет и етика;,
- Подготвување и извршување на годишната програма на ДЗР за ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и други видови ревизии на системите за спречување измами, корупција, мито и судир на интереси и ревизија на политиките на интегритет и етика;
- Подготовка на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршени ревизии на системите за спречување измами, корупција, мито и судир на интереси и ревизија на политиките на интегритет и етика;
- Следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- Следење и примена на меѓународните политики, стандарди и иницијативи за откривање и спречување на измама, мито, корупција и судир на интереси;
- подготвувања на известувања до надлежни органи;

- следење, проучување и подготвување на анализи  на состојбите во сите сегменти неопходни на ревизија;
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на секторот.

Член 40

Одделението за ревизија на системите за спречување на измама, корупција, мито и судир на интереси ги врши следните работи и задачи:

- Извршување  на ревизија на финансиски извештаи , ревизија на усогласеност и други видови ревизии на системите за спречување измами,  корупција, мито и судир на интереси ;
- Подготвување на ревизорски извештаи  за системите за спречување измами, мито, корупција и судир на интереси;
- Подготвување и извршување на годишната програма на ДЗР за ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и други видови ревизии на системите за спречување измами,  корупција, мито и судир на интереси;
- Подготовка на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршени ревизии на системите за спречување измами,  корупција, мито и судир на интереси;
- Следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- подготвувања на известувања до надлежни органи;
- следење, проучување и подготвување на анализи  на состојбите во сите сегменти  неопходни на ревизија;
- следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на одделението.

Член 41

Одделението за ревизија на политиките на интегритет и етика и следење на меѓународните политики, стандарди и иницијативи за откривање и спречување на измама,  мито, корупција и судир на интереси ги врши следните работи и задачи:

- Извршување  на ревизија на финансиски извештаи , ревизија на усогласеност и други видови ревизии на политиките на интегритет и етика и следење на меѓународните политики, стандарди и иницијативи за откривање и спречување на измама,  мито, корупција и судир на интереси;
- Подготвување на ревизорски извештаи  за политиките на интегритет и етика;
- Подготвување и извршување на годишната програма на ДЗР за ревизија на финансиски извештаи, ревизија на усогласеност и други видови ревизии на на политиките на интегритет и етика;

- Подготовка на Годишниот извештај за работата на ДЗР за извршени ревизии на политиките на интегритет и етика;
- Следење и примена на законите, подзаконските акти, прирачниците и упатствата од областа на ревизијата;
- Следење и примена на меѓународните политики, стандарди и иницијативи за откривање и спречување на измама, мито, корупција и судир на интереси;
- подготвувања на известувања до надлежни органи;
- Следење, проучување и подготвување на анализи на состојбите во сите сегменти неопходни на ревизија;
- Следење на начинот на остварување на ревизиите од делокругот на одделението

12. Сектор за поддршка на Главниот државен ревизор

Член 42

Секторот за поддршка на Главниот државен ревизор ги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следниве функции на ДЗР:

- стручно-оперативна и лочистичка поддршка на работата на Главниот државен ревизор;
- протокол и подготовка на официјални средби и настани на Главниот државен ревизор;
- координација, организирање, следење и насочување на активности на внатрешните организациски единици;
- унапредување на меѓусебната соработка и соработката со другите организациски единици;
- интерната комуниција и комуникација со засегнати страни;
- информирање на јавноста;
- активности за остварување на меѓународна соработка и изготвува меморандуми и договори за соработка со меѓународни организации;
- подготвување стратешки документи за развој на комуникацијата на ДЗР;
- соработување со средства за јавно информирање, подготовување на информации и ажурирање на ВЕБ страната на ДЗР;
- подготвување, печатење и дистрибуција на публикации издадени од ДЗР;
- организирање на меѓународни настани чиј домаќин е Државниот завод за ревизија;
- следење на спроведувањето на програмите за меѓународна стручна и техничка соработка;
- ажурирање на методологијата, стратегиите, плановите, упатствата и примената на стандардите за државна ревизија;
- анализирање на извештаите за осигурување на квалитет и

- следење на меѓународната пракса за имплементација на меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции.

Член 43

Одделението за односи со јавност и информирање за резултатите на државната ревизија, ги врши следните работи и задачи:

- информирање на јавноста за активностите и резултатите на Државниот завод за ревизија;
- следење на средствата за информирање, организирање прес конференции, брифинзи и информативни кампањи;
- уредување и публикување на информативен материјал на Државниот завод за ревизија (стратешки план, годишен извештај, брошури, даночни информации, колумни и друго);
- администрирање и уредување на содржините на официјалната ВЕБ-страница на Државниот завод за ревизија;
- администрирање и уредување на воспоставените канали за интерна комуниција;
- координација и соработка со организациските единици на Државниот завод за ревизија и со државните институции и
- учество во планирање и координирање на активностите поврзани со истражување на јавното мислење и евалуација на комуникација и други работи непосредно врзани со функцијата односи со јавноста и комуникација.

Член 44

Одделението за методологија, меѓународна праска и стандарди, ги врши следните работи и задачи:

- следење на примената на методолошките акти на ДЗР;
- изработка на анализи, информации и други материјали во врска со примената на меѓународните стандарди и пракси;
- ажурирање на методологијата, стратегиите, плановите во делот на државната ревизија;
- анализирање на извештаите за осигурување на квалитет и
- следење на меѓународната пракса за имплементација на меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции.

Член 45

Одделението за меѓународна соработка,ги врши следните работи и задачи:

- активности за остварување на меѓународна соработка и изготвува меморандуми и договори за соработка со меѓународни организации;
- вршење на протоколарните работи;
- организација на учеството на Државниот завод за ревизија на меѓународни настани, и учествува во нивната работа;
- организирање на меѓународни настани чиј домаќин е Државниот завод за ревизија;
- следење на спроведувањето на програмите за меѓународна стручна и техничка соработка,
- учествува во изготвување на предлог меѓународни проекти,
- учестува во спроведување на меѓународни проекти и
- води регистар на контакти со меѓународни организации и институции
- следење на меѓународната пракса за имплементација на меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции.

### Член 46

Одделението за Европски интеграции,ги врши следните работи и задачи:

- активности за остварување на обврските од преговорите за полноправно членство на Република Северна Македонија во ЕУ во обласга на државна ревизија и други области во кои ДЗР е учесник во преговорите
- координација и усогласување на правната рамка за државна ревизија и исполнување на условите за кадровски и институционален капацитет согласно правото на ЕУ;
- вршење на работите во делот на усогласување на правната рамка и стандардите на земјите членки на ЕУ;
- организација на учеството на државни ревизори во процесот на шпреговори со Европската Унија во поглавја/ области кои во кои ДЗР е институција учесник во преговори;
- програмирање, имплементација и мониторинг на спроведување на проекти кои се имплементираат преку инструментот за предпристапна помош ИПА, Инструментот ТАИЕКС и други видови на помош финансирани со средства од ЕУ во кои ДЗР се јавува како институција корисник на средства од ЕУ или учествува во реализација на компоненти во проекти чии корисници се други институции од јавниот сектор;
- следење на спроведувањето на обврските на ДЗР во Организацијата на Европските Врховни ревизорски институции – ЕУРОСАИ, обврските од иницијативите и програмите на Заедницата (СИГМА)

13. Сектор за финансиски прашања

Член 47

Секторот за финансиски прашања ги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следниве функции на ДЗР:

- следење и примена на законите, подзаконските акти и други прописи, што се однесуваат најавна внаттрешна финансиска контрола, сметководството и буџетот;
- следење на состојбата и движењата на средствата и изворите на средства на ДЗР;
- подготовка и следење на извршувањето на буџетот на ДЗР;
- изготвување на финансиски план за извршување на Буџетот (месечен, квартален и годишен);
- контрола на расположивоста на планираните средства во буџетот;
- контрола на комплетноста и исправноста на целокупната финансиска документација и предлагање на мерки за елиминирање на пропустите во трошењето на буџетските средства;
- следење на остварувањето на приходите и извршувањето на трошоците;
- составување, примање, ликвидирање и контрола на сметководствена документација;
- усогласување на средствата и изворите на средства на сметководствената состојба со вистинската состојба, пресметување на амортизација и ревалоризација, изготвување на завршна сметка на ДЗР;
- вршење благајнички работи;
- прием, евидентирање и издавање на потрошен материјал и програмско водење евиденција (картици) за примениот и издадениот потрошен материјал;
- пресметување и исплата на плати и надоместоци на вработените во ДЗР и
- подготвување информации, прегледи и анализи од областа на финансиското работење и следење на состојбата на средствата и нивно одржување.

Член 48

Одделението за буџетска контрола и плаќања ги врши следните работи и задачи:

- подготовка на материјали и документи за изработка на буџетот на ДЗР, предлог – буџетот на ДЗР и предлози за ребалансот на буџетот на ДЗР;
- изготвување на месечни, квартални и годишни финансиски планови;

- подготовкана предлози за пренамена на финансиски средства по програми и ставки;
- координација на процесот на развој, воспоставување, спроведување и одржување на финансиско управување и контрола;
- ажурирање на процедурите за работните процеси од областа на финансиското управување и контрола;
- спроведување на ex ante и ex post финансиска контрола – контрола на комплетност и исправноста на целокупната финансиска документација;
- предлагање мерки за елиминирање на пропустите во трошењето на буџетските средства;
- контрола на извршувањето на утврдените политики и оперативното управување (надзор на целокупниот процес на финансиско управување и контрола) и
- подготвува извештај за реализирани програми и проекти, подготвува акти и дава мислења по предлог акти кои имаат или може да имаат фискални импликации на буџетот на ДЗР.

Член 49

Одделението за буџетска координација и сметководство ги врши следните работи и задачи:

- спроведува сметководствено евидентирање за извршување на буџетот/финанскиот план и подготвување на годишна сметка (биланс на состојба, биланс на приходи и расходи и белешки/образложение кон финансискиот извештај);
- сметководствено евидентирање на основните средства на ДЗР, евидентирање и наплата на побарувања и евидентирање и плаќање на достасани обврски;
- заштита на средствата и обврските чија вредност е евидентирана во билансот на состојба;
- ех-анте сметководствена контрола на целокупната документација пред да се изврши плаќањето согласно пишаните процедури за сметководствените процеси;
- следење и примена на законската регулатива од областа на сметководствено, материјално и финансиско работење;
- изготвува налози за плаќање;
- следење на Одлуката за за право на користење на мобилен телефон и за ограничување на сметките и изготвување на акти кои произлегуваат од Одлуката;
- вршење благајнички работи;
- пресметување и исплата на плати и надоместоци на вработените и именуваните лица во ДЗР и водење евиденција;

- програмско водење евиденција (картици) за примениот и издадениот потрошен материјал и
- подготвување информации, прегледи и анализи од областа на сметководственото, финансиското и материјално работење.

14. Сектор за правни и општи работи и јавни набавки

Член 50

Секторот за правни и општи работи и јавни набавки ги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следниве функции на ДЗР:

- подготвување прописи и други подзаконски акти и ја следи нивната примена;
- изработување стручни мислења и упатства за примената на прописите и врши стручна обработка на прашањата кои се од значење за примената на законските прописи од надлежност на ДЗР;
- следење на законодавството на ЕУ;
- следење на примената прописите од областа на класифицираните информации и други прописи;
- планирање и спроведување на јавните набавки;
- следење на постпаките и подготовка на акти врзани со остварување на правото за слободен пристап на информации;
- вршење архивски и секретарски работи и
- одржување и правилно користење на возилата.

Член 51

Одделението за правни и општи работи ги врши следните работи и задачи:

- подготвување прописи и други подзаконски акти и ја следи нивната применаизработување стручни мислења и упатства за примената на прописите и врши стручна обработка на прашањата кои се од значење за примената на законските прописи од надлежност на ДЗР;
- преземање на правни мерки и дејствија по ревизорските извештаи;
- следење на примената прописите од областа на класифицираните информации;
- соработување со надлежни органи и тела од судската или извршната власт;
- подготовување на тужбени барања и застапување на ДЗР во постапки пред надлежните судови;
- следење на постапките и подготовка на акти врзани со остварување на правото за слободен пристап на информации;

- вршење архивски работи и прием и доставување на документарен материјал до организациските единици и други органи и субјекти и вршење секретарски работи и
- одржување и правилно користење на возилата.

Член 52

Одделението за јавни набавки ги врши следните работи и задачи:

- следење на прописите и упатствата кои се од значење за квалитетно спроведување на јавните набавки;
- изготвување на Годишен план за јавни набавки;
- изготвување тендерска документација;
- изготвување на целокупната документација потребна за спроведување на постапките за јавни набавки;
- изготвување и следење на извршувањето на договорите за јавни набавки;
- подготвување интерни акти/процедури за јавни набавки;
- вршење административно – техничка и стручна помош на Комисијата за јавни набавки на ДЗР и
- координирање, изготвување и следење на реализацијата на порачките согласно склучените договори за јавни набавки.

ОДДЕЛЕНИЈА НАДВОР ОД СЕКТОРИТЕ

Во Државниот завод за ревизија се формираат одделенија надвор од секторите, и тоа:

1. Одделение за внатрешна ревизија

Член 53

Одделението за внатрешна ревизија ги врши следните работи и задачи:

- организирање и извршување на внатрешната ревизија согласно прописите за внатрешна ревизија;
- проверување на точноста, вистинитоста и сеопфатноста на сметководствената евиденција и финансиски извештаи на ДЗР;
- подготвување упатства за работа и повелба за внатрешна ревизија;
- подготвување стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија и нивно спроведување;

- подготвување информации во случај на основано сомнение за нерегуларности и/или измами, кои се основ за покренување кривична, прекршочна или дисциплинска постапка и
- подготвување годишни извештаи за работењето на одделението, евидентирање на ревизорски активности и чување на документација од извршени ревизии.

## 2. Одделение за управување со човечки ресурси

### Член 54

Одделението за управување со човечки ресурси ги врши следните работи и задачи:

- проучување и единствена примена на законите и подзаконските акти, колективниот договор во врска со остварувањето на правата, обврските и одговорностите на вработените;
- функционална анализа на работните места во ДЗР и методолошка, организациска и техничка поддршка во изработка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места;
- обезбедување стручно оперативна и логистичка поддршка во спроведувањето на постапките за пополнување на слободно работно место во ДЗР, координирање на системот за оценување во ДЗР, врши аналитичка обработка на податоците, анализа на потребите од обуки, подготвува годишна програма за обука на вработените во ДЗР, ја следи и анализира реализацијата и подготвува извештаи за степенот на реализацијата на обуките;
- развива политики и упатства во насока на подобрување на внатрешната култура и начин на работење во ДЗР, од аспект на управувањето со човечки ресурси;
- развива политики за унапредување на дисциплината на вработените во ДЗР, без примена на дисциплински мерки и обезбедува стручно оперативна поддршка во водењето на постапките за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност;
- подготвување на сите видови акти кои произлегуваат од законските и подзаконските акти и колективниот договор, кои се однесуваат на вработувањето и другите акти во врска со административните службеници од аспект на управување со човечките ресурси;
- изработува аналитички материјали од делокругот на кадровската политика и развој на човечките ресурси, како и развој на бази на податоци во врска со управувањето со човечките ресурси;
- соработува со Агенцијата за администрација и Министерството за информатичко општество и администрација во однос на прашања поврзани со реализацијата на одредбите од Законот за административните службеници и другите закони и

- го води регистарот на вработени во јавниот сектор и ги води персоналните досиеја на вработените.

## IV. РАКОВОДЕЊЕ СО ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ОБЛИЦИ

### Член 55

Со секторите во Државниот завод за ревизија раководат помошници на главниот државен ревизор кои за својата работа му одговораат на ГДР и раководители на сектор кои за својата работа му одговораат на генералниот секретар. На нив им помага помошник раководител на сектор и го заменува помошникот на главниот државен ревизор или раководителот на сектор во случај на спреченост или отсутност.

Со одделенијата раководат помошници на раководителите на ревизија и раководители на одделенија, а во случај на нивно отсуство или спреченост раководи административниот службеник со највисоко звање во одделението, кој го определува помошникот на главниот државен ревизор и раководителот на секторот.

Со работата на одделение за внатрешна ревизија раководи раководител на одделение и за својата работа му одговора на главниот државен ревизор.

Со работата на одделението за управување со човечки ресурси раководи раководител на одделение и за својата работа му одговора на генералниот секретар.

### Член 56

Ревизија се врши тимски, во ревизорски екипи/тимовисоставени од овластени државни ревизори и државни ревизори.

Со ревизорската екипа/тим раководи овластен државен ревизор или државен ревизор, врз основа на посебен акт донесен од главниот државен ревизор.

Ревизорските екипи/тимови се формираат и реорганизираат по потреба, во согласност со Годишната програма за работа на ДЗР.

## V. НАЧИН НА РАБОТА

### Член 57

Работите и задачите во Државниот завод за ревизија се планираат и организираат на начин со кој се обезбедува особено:

- извршување на работите од неговиот делокруг, утврден со закон;
- законито, навремено, ефикасно, рационално и стручно извршување на доверените работи;
- лична одговорност за вршењето на доверените работи на работните места;

- правилно распоредување на работите по работните места и следење на нивното извршување;
- развивање и унапредување на тимската работа;
- развивање на стручните и другите работни способности на вработените;
- примена на современи методи и средства за работа;
- остварување на меѓусебна соработка на организационите облици и соработка со други надлежни органи и организации во Република Северна Македонија и во странство.

### Член 58

Во зависност од значењето и сложеноста на прашањата што се разгледуваат, главниот државен ревизор формира колегиум од:

- Главен државен ревизор;
- Заменик на главниот државен ревизор;
- Генерален секретар;
- Советници на главниот државен ревизор;
- Помошници на главниот државен ревизор;

На покана на главниот државен ревизор, на колегиумот може да присуствуваат и други лица.

### Член 59

Колегиумот разгледува и расправа за прашања од делокругот на Државниот завод за ревизија и му дава мислења и предлози на Главниот државен ревизор особено за прашањата кои се однесуваат на:

- Годишната програма за работа на ДЗР;
- Годишниот извештај за работа на ДЗР;
- методолошки акти (упатства, прирачници за ревизија и други) и нивна примена;
- толкувања и примена на меѓународни стандарди;
- единствена примена на актите за ревизија;
- информации за извршените ревизии;
- подзаконски акти кои се однесуваат на работењето на ДЗР и
- други работи од делокругот на ДЗР предложени од главниот државен ревизор.

### Член 60

За извршување на одделни пословени работи и задачи и за обработка на одделни прашања, за извршување на одделни задолженија од работата и во врска со

работата, како и за други случаи, главниот државен ревизор може да формира стручни тела, комисии, работни групи и други работни тела.

Решенијата за формирање на работните тела од став 1 на овој член ги донесува главниот државен ревизор.

Член 61

Во рамките на организациските единици, раководните административни службеници можат да одржуваат работни средби со вработените заради поефикасно координирање на работите, воедначување на ставовите и стручните мислења по одделни прашања, како и целосно информирање на вработените за прашања поврзани со работењето.

Член 62

Работите од делокругот на Државниот завод за ревизија се извршуваат според Годишната програма за работа, која ја донесува главниот државен ревизор.

Со Годишната програма за работа се утврдува бројот на ревизиите и бројот на субјектите кои ќе бидат предмет на ревизија, а со Акцискиот план се утврдени ревизорските екипи/тимови и роковите за извршување на ревизиите.

Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, главниот државен ревизор ја донесува до крајот на декември во тековната за наредната година.

Член 63

За извршување на Годишната програма за работа, секторите и самостојните одделенија водат евиденција, а до главниот државен ревизор поднесуваат извештаи за работата најмалку еднаш годишно.

За успешно извршување на работните задачи утврдени со Годишната програма за работа, вработените можат да доставуваат иницијативи и предлози до главниот државен ревизор, советниците на главниот државен ревизор, и до вработениот кој непосредно раководи со организациската единица.

Вработените кои раководат со организациските единици на ДЗР непосредно го организираат и учествуваат во извршувањето на работните задачи утврдени со Годишната програма за работа, вршат надзор и контрола на ревизорските екипи/тимови или одделенија и за тоа го информираат главниот државен ревизор.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 64

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за внатрешна организација на Државниот завод за ревизија бр. 01-802/1 од 28.08.2020 година.

**Член 65**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација

Број: 01-1666/1

Скопје, 27.12.2022 година

ГЛАВЕН ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

М-р Максим Ацевски

Подготвил: м-р Весна Богдановиќ

Контролирал: м-р Александар Поповски